РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

Примено: 22. 09. 2011

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 07 | 3616/1 | | |

Архивски знак: 0706
Рок на чување: трајно
22.09.11

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **ориентација и мобилност** за IV одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

АДАПТИРАНА
НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОРИЕНТАЦИЈА И МОБИЛНОСТ

IV ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2011

# 1. ВОВЕД

Како резултат на оштетувањето на видот или недостаток на визуелниот анализатор лицата со оштетен вид наидуваат на проблеми при ориентирање во просторот и мобилноста во средината.

Под ориентација се подразбира способност за снаоѓање во средината, т.е. просторот кој нé опкружува. Освен што е важно лицата со оштетен вид да се научат правилно да се ориентираат во просторот, во однос на сите објекти и предмети што ги опкружуваат, важно е тие да се ориентираат и во однос на другите луѓе кои се присутни во нивната непосредна близина.

Дали едно лице со оштен вид успешно ќе ја совлада средината или просторот, т.е. успешно ќе се ориентира зависи од правилното создавање на претстави, односно шеми во неговата меморија. Како резултат на оштетувањето на видот, слепите и слабовидните лица, за да ја осознаат средината и да научат да се ориентираат во просторот ги користат компензаторните осети како што се аудитивниот, тактилниот, олфакторниот и други.

Според видот на просторот во кој се врши ориентацијата, таа може да се подели на:

- ориентирање во просторот заради запознавања со предметите;
- ориентирање во работниот простор;
- ориентирање во голем простор.

Според учеството на анализаторите во ориентацијата, таа може да се подели на:

- ориентирање со помош на остатоци на вид;
- ориентирање со помош на слух;
- ориентирање со помош на тактилно сетило;
- ориентирање со помош на мирис;
- ориентирање со помош на други сетила.

За учениците со оштетен вид секоја нова средина претставува пречка во ориентирањето и снаоѓањето и токму затоа овој предмет е од витално значење за овие ученици.

## *2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ*

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособува за телесно доживување преку познавање на сопственото тело со соодветни вежби;
- да се оспособува за латерализација на телото и согласно на тоа да ја открива латерализираноста на просторот;
- да се оспособува за тактилна, аудитивна, визуелна, олфакторна, кинестетичка и проприоцептивна перцепција на предметите во микро и макропросторот;
- да развива правилни, јасни и адекватни претстави за предметите и појавите во просторот што нé окружува;
- да се оспособува за оценување на формата, големината, оддалеченоста и меѓусебната положба на предметите во просторот и нивната положба во однос на лицето кое се ориентира;
- да се оспособува за одржување на рамнотежа и правилно движење во просторот;
- да се оспособува правилно да ги користи остатоците на видот во процесот на оспособување за ориентирање и движење во просторот;
- да развива навики за свесно и активно совладување на вежбите за самостојно движење;
- да развива упорност, истрајност и интерес за самостојно движење;
- да го коригира неправилното држење на телото за спречување на појавата на стереотипни движења и/или нивно ублажување и отстранување;
- да развива навики за користење на тифло-техничките средства и помагала за ориентација и движење во просторот;
- да се оспособува за развивање способности за снаоѓање во микро и макро просторот заради задоволување на биопсихосоцијалните структури;
- да се поттикнува правилниот физички развој;
- да се развива техника за самостојно и безбедно движење;
- да се поттикнува мотивацијата за успешна интеграција во социјалната средина.

## *3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ*

| **ТЕМА 1: ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИТЕ ВО БЛИСКАТА ОКОЛИНА И ОДНОСОТ МЕЃУ НИВ (СО УЧЕСТВО НА СИТЕ СЕТИЛА)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се поттикнува тактилно да перципира и именува предмети (да ги разликува според обликот, структурата на површнините, видот на материјалот и според други нивни својства);<br>▸ да се оспособува тактилно да перципира и да составува шаблони на фигури и предмети од нивните составни делови;<br>▸ да се оспособува да перципира релјефни линии, скици и цртежи;<br>▸ да се поттикнува по тактилен пат да ги препознава предметите и да ги меморира во група;<br>▸ да се оспособува да опишува одредени предмети и нивните карактеристики;<br>▸ да се поттикнува да ја развива | ▸ Ориентација со помош на активен допир во границите на минималниот и максималниот дел од предметите<br>▸ Визиомоторна контрола<br>▸ Тактилно перципирање и именување на предметите по облик, површинска структура, материјал и својства<br>▸ Составување шаблони на фигури, предмети од делови<br>▸ Тактилно и визуелно перципирање релјефни линии, скици и цртежи | Шаблони на фигури<br>Предмети составени од делови за составување<br>Мазно-рапаво, тврдо-меко<br><br>Најлон, тврда пластика, дрво, гума, метал, памук<br><br>Модели, шаблони, рељефни линии,скици цртежи<br><br>Звук | ▸ Игри во кои учениците тактилно ги перципираат предметите (според обликот) и истите ги именуваат.<br>▸ Тактилно ги истражуваат предметите и нивните шаблони и наоѓаат разлики кај предметите кои навидум се слични.<br>▸ Вежбаат воочување на површинската структура на предметите (мазно-рапаво), ги редат според нивните карактеристики и сл.<br>▸ Вежби за препознавање на предметите прикажани на релјефните слики, термоформ фолии, **swell-tach** сликите и др.<br>▸ Тактилно и визуелно перципираат, опишуваат, препознаваат и распоредуваат плодови и модели на овошје, зеленчук и др. (слабовидни ученици).<br>▸ Одредуваат различни видови предмети (играчки, топчиња, коцки и др.).<br>▸ Препознаваат и опишуваат модели на домашни/диви животни.<br>▸ Спојуваат различни делови на предмети и/или форми во одредена слика и истите ги опишуваат (слабовидни ученици).<br>▸ Составуваат фигури во калапи со одредени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| способноста за ориентација со помош на сетилото за слух;<br>▸ да се стимулира да го развива аудитивното внимание и помнење;<br>▸ да се оспособува да идентификува различни звуци;<br>▸ да се оспособува да ги разликува и да ги класификува звуците според јачината;<br>▸ да се оспособува да локализира извор на звук;<br>▸ да се поттикнува да посега и да се движи кон изворот на одреден звук;<br>▸ да се оспособува аудитивно да препознава и воочува различни звуци, гласови и активности;<br>▸ да се оспособува да ја развива способноста на сетилото за мирис заради правилно ориентирање во просторот;<br>▸ да се оспособува да препознава и да дискриминира мириси;<br>▸ да ја развива способноста на сетилото за вкус во функција на правилна ориентација во | ▸ Тактилно препознавање и меморирање на предметите<br>▸ Препознавање и слушна дискриминација на гласови, шумови и звуци<br>▸ Одредување на изворот на звукот<br>▸ Развивање на аудитивно-моторна координација<br>▸ Одредување на локација на звук<br>▸ Препознавање и репродукција на ритам | Шум<br>Глас | форми како и геометриски слики (облици на плодови, составување на различни коцки, играчки и други предмети и фигури).<br>▸ Слушаат и препознаваат различни шумови во природата, шумови предизвикани во непосредната околина (плескање со дланките, удирање со нозете на подот).<br>▸ Вежби за наоѓање паднати предмети, движење во правец на звучните ефекти и пронаоѓање на фрлени предмети (звучна топка, дрвена коцка, клучеви, тропалка и др.).<br>▸ Вежби за одредување и движење во правецот на звукот (игра „Пронајди го предметот").<br>▸ Препознаваат и именуваат детски музички инструменти, одредуваат дали звукот е продуциран од стационирен предмет или не, ја одредуваат оддалеченоста на звукот.<br>▸ Вежби: слушање и препознавање на звуците и шумовите кои ги произведуваат сообраќајните средства.<br>▸ Вежби за препознавање на гласови и говор на наставниците, другарчињата и други лица.<br>▸ Вежби за ориентирање според звучните ефекти во собата, холот, училницата, училишниот двор.<br>▸ Вежби за произведување звучни ефекти, извршување на две или повеќе задачи, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| просторот;<br>▸ да се поттикнува да препознава и да класифицира различни вкусови;<br>▸ да стекнува навики за правилна исхрана. | ▸ Перципирање и препознавање на мириси од детската околина<br><br>▸ Перципирање на мириси според интензитетот и квалитетот<br><br>▸ Перципирање, препознавање и класификација на основните елементи: солено-благо; кисело; горчливо; луто<br><br>▸ Перципирање и препознавање на мириси од детската околина | Пријатни мириси<br>Непријатни мириси<br>Јак/слаб, непријатен мирис<br><br>Солено, благо, кисело, горчливо, луто | слушање на римувани зборови.<br>▸ Вежби за перципирање и препознавање на пријатни мириси (козметички средства, цвеќиња, градина, лисја, различни јадења, слатки и др.).<br>▸ Вежби за препознавање на непријатни мириси.<br>▸ Вежби за набројување и опишување на предметите со непријатен мирис.<br>▸ Вежби за препознавање на интензитетот на мирисите (силен-слаб).<br>▸ Вежби за забележување мириси од околината и ориентација според одредени мириси (амбуланта, трпезарија).<br>▸ Вежби за препознавање и класификација на различни видови прехранбени намирници (овошје, зеленчук, готвена храна и др.).<br>▸ Вежби за класификација на разни материи според вкусот (слатко-послатко-најслатко).<br>▸ Вежби за стекнување навики за внесување на разновидна храна и тоа како според дневните временски оброци така и според годишните времиња (во кое годишно време каков зеленчук или овошје се одгледува и консумира). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *за учениците со остатоци на вид<br><br>▸ да се оспособува да ја развива способноста на сетилото за вид заради правилно ориентирање во просторот;<br>▸ да се оспособува да препознава и да дискриминира слики, предмети и објекти;<br>▸ да препознава и разликува бои;<br>▸ да го користи видот во согласност со некои моторни активности;<br>▸ да ја развива способноста на сетилото за вид во функција на правилна ориентација во просторот;<br>▸ да се поттикнува да препознава и да класифицира различни слики, предмети и објекти;<br>▸ да внимава да не се изложува на механички повреди на очите. | ▸ Перципирање и препознавање на слики, објекти и предмети од околината<br>▸ Препознавање и разликување на бои<br>▸ Визиомоторна контрола | Сетило за вид-око<br><br>Слики, предмети, објекти<br><br>Бои<br><br>Механички повреди | ▸ Вежби за препознавање и класифицирање на разни видови слики, објекти и предмети.<br>▸ Вежби за препознавање и разликување на боите.<br>▸ Психомоторни вежби око-рака, нижење мониstra и слично.<br>▸ Водење на разговори како да се заштитат очите од механички повреди, на што треба да внимаваме.<br>▸ Вежби во кабинет за визуелна стимулација. |

| ТЕМА 2: ОРИЕНТАЦИЈА ВО МИКРО И МАКРОПРОСТОР | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да ја развива способноста за одредување на сопственото тело во просторот и во однос на другите предмети;<br>▸ да ја развива способноста за одредување на предметите и нивниот меѓусебен однос;<br>▸ да се запознае со просторот (училница, спортска сала);<br>▸ да се оспособи да одредува латерализација на сопственото тело (и во однос на други лица);<br>▸ да се оспособува да одредува стојна точка во училницата и другите простории;<br>▸ да се оспособува да се ориентира во работниот простор;<br>▸ да се оспособува да се ориентира на работната маса (клупа), шкафче, полица и др.;<br>▸ да се оспособува да се ориентира (дидактички | ▸ Одредување на сопственото тело во просторот (училница, тоалет, трпезарија, соба, просторија за дневен престој, спортска сала)<br>▸ Одредување на сопственото тело и во другите простории (административни простории, амбуланта, музички кабинет и др.)<br>▸ Ориентирање на работната маса (клупа), шкафче, полица и др. | Лево-десно<br>горе-долу<br>напред-назад<br><br>Лево- десно.<br>Горен /долен лев агол,<br>горен /долен десен агол/<br>Средна линија | ▸ Вежби за латерализација на телото и доживување на телесната целовитост.<br>▸ Вежби за латерализација на просторот во училницата и во други простории, според сопствената латерализираност на телото (вежбаат според одредени стојни точки во просторот; се запознаваат и вежбаат со начинот на одредување („водење” и „следење”) на лево- десно, горе-долу, напред-назад на предметите и работите во просторот на работната соба и другите простории според одредени стојни точки.<br>▸ Вежби: моделираат и цртаат разни предмети според нивниот распоред во просториите.<br>▸ Вежби за ориентација и во останатите простории во училиштето, училишниот објект, ученичкиот дом, ИКТ, лабораторијата, музичкиот кабинет и др.<br>▸ Вежби за ориентирање на предметите на клупата: дидактички средства, средства за цртање и моделирање.<br>▸ Вежби: опишување и претставување со моделирање, претставување на восочна табла и др. на предметите на училишната клупа.<br>▸ Вежби за ориентирање на работната маса, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| средства, средства за цртање и моделирање);<br>▸ да се оспособува да се ориентира на лист, тетратка, книга, Брајова машина;<br>▸ да се поттикнува да се ориентира при перципирање на цртежи, релјефни слики, модели, макети и др.;<br>▸ да се оспособува за ориентирање во просторот заради запознавање на предметите, посебно оние потребни за секојдневна употреба;<br>▸ да се оспособува за ориентирање во просторот со користење на меките делови на еден или повеќе прсти;<br>▸ да се оспособува за ориен-тирање во простор ограничен на едновремено опфаќање дланките на обете раце (употреба на прибор за јадење и одржување на лична хигиена);<br>▸ да се оспособува за ориентирањето во училницата, во рамките на училиштето, како и во училишниот двор; | ▸ Ориентација на дидактичките средства, релјефните средства<br>▸ Ориентација на тетратка, книга, Брајова машина<br>▸ Ориентација на предметите од секојдневна употреба<br>▸ Ориентација во просторот кој секојдневно се користи<br>▸ Ориентација на прибот за јадење и лична хигиена<br>▸ Ориентација во училница, во училиштето, како и во училишниот двор | Пробор за јадење и лична хигиена<br><br>Училница, училиште, училиштен двор | шкафче, полица и др.<br>▸ Вежби за ориентација на лист, тетратка, книга, Брајова машина.<br>▸ Вежби за ориентирање при перципирање на цртежи, релјефни слики, модели, макети и др.<br>▸ Вежби за ориентирање заради запознавање на предметите, особено оние кои се за секојдневна употреба.<br>▸ Вежби за ориентирање во просторот со користење на меките делови на еден или повеќе прсти.<br>▸ Вежби за ориентирање во просторот ограничен на истовремено опфаќање со дланките на обете раце (употреба на прибор за јадење и одржување на лична хигиена).<br>▸ Вежби за правилно и самостојно ориентирање во училницата, училиштето и во училишниот двор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се оспособува за ориентација во населеното место во кое се наоѓа училиштето;<br>▸ да се оспособува за користење на различни видови на транспорт (градски сообраќај, автобуска станица, железничка станица итн.);<br>▸ да се оспособува за ориентација во згради, продавници, маркети итн. | ▸ Ориентација во населено место<br><br>▸ Ориентација на автобуска и железничка станица<br><br>▸ Ориентација во зграда, маркет итн. | Населено место<br><br>Автобуска и железничка станица<br><br>Зграда, маркет | ▸ Вежби за ориентација во населено место, автобуска и железничка станица, зграда и маркет.<br>▸ Посета на гореименуваните објекти и разговор за нив. |

| ТЕМА 3: ТЕХНИКИ ЗА ДВИЖЕЊЕ И НА ЗАШТИТА НА ТЕЛОТО ПРИ ДВИЖЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува да се ориентира во рамките на училишниот двор;<br>▸ да се оспособува за движење во отворени простории на зградата;<br>▸ да се оспособува да се движи со водач;<br>▸ да се оспособува за примена на техниката на бел стап; | Ориентирање во училишниот двор<br>Ориентирање во зграда<br>Движење со водич<br>Движење со бел стап | Училиштен двор<br>Зграда<br>Водач<br>Бел стап | ▸ Вежби за ориентација според главните патеки, вежби за пронаоѓање на главната и помошните училишни згради, главните и споредните излези, игралиштето и слично.<br>▸ Вежби за движење и преминување на ходници, холови, катови и слично.<br>▸ Вежби за правило држење на телото при движење со водич, вежби за поаѓање и застанување.<br>▸ Запознавање со видовите бели стапови, нивните елементи и функцијата.<br>▸ Запознавање во функцијата на белиот стап во осознавање на предметите и нивната положба во просторот.<br>▸ Вежби за правилен став на телото, раката и дланката при движење со бел стап. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се оспособува да ги поставува рацете во правилна положба;<br>▸ да се поттикнува правилно да ги движи рацете по маса, клупа и сл.;<br>▸ да се оспособува да ги поставува рацете во средна линија;<br><br>▸ да се оспособува да го заштитува горниот и долниот дел од телото при движење;<br><br>▸ да се оспособува да пронаоѓа испуштен предмет;<br>▸ да се оспособува правилно да ги поставува рацете за да го „лоцира'', пронајде предметот. | ▸ Движење на рацете по училишната клупа<br><br>▸ Правилен став и движење на телото и горните екстремитети при заштита на долниот дел од телото<br><br>▸ Лоцирање на испуштен предмет<br><br>▸ Заземање правилна положба на телото и рацете при барање на предметите | Техника за заштита на горниот и долниот дел од телото при движење<br><br>Техника за пронаоѓање на испуштен предмет | ▸ Вежби за поставување на рацете во правилна положба на училишната клупа.<br>▸ Вежби за движење на рацете по рамни површини: училишна клупа, шкафче, плакар, полица.<br><br>▸ Вежби за правилен став и држење на телото и горните екстремитети во заштитна положба.<br>▸ Вежби за правилен став и држење на телото и горните екстремитети во заштитна положба.<br><br>▸ Вежби и игри за барање на предмети, заземање на правилна положба на телото и рацете.<br>▸ Вежбање на полукружни движења со рацете и мерење при наоѓање на предметите. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **ориентација и мобилност** има извонредно значајно место во образованието на учениците со оштетен вид. Една од главните цели на програмата е кај учениците да развива способност за снаоѓање во микро и макропросторот. Преку реализацијата на активностите и содржините на програмата се поттикнува развојот на моторичките вештини, а во исто време се развиваат сензорните и психомоторните способности. Реализацијата на содржините и активностите на предметот овозможуваат развој на компензаторните и адаптивните способности. Учениците перманентно се мотивираат да се движат самостојно и, секако, да го надминат и/или да го минимизираат стравот од движење како еден од предусловите за успешно вклучување и адаптирање во социјалната средина.

Наставата се реализира преку посебни содржини, вежби, игри и активности кои го активираат локомоторниот апарат и директно влијаат врз правилниот развој на ученикот/ученичката, ја подобруват неговата/нејзината способност за сензорна диференцијација и осетливоста на сетилата; го подобрува користењето на преостанатата видна способност при перципирањето на предметите и појавите што го/ја окружуваат, како и при ориентацијата во просторот (паралелно со користење на останатите сетила). Планираните активности од оваа програма ги поттикнуваат и развиваат когнитивниот, психомоторниот, емоционалниот и социјалниот развој на ученикот/ученичката.

Активностите од оваа програма треба да бидат насочени и кон отстранување и/или минимизирање на стереотипните движења (маниризми, блиндизми, ротацизми) кои се јавуваат како последица од ограниченото моторно искуство и негативното воспитно влијание.

Стекнување на искуството за ориентација и движење во просторот е неопходно во секојдневниот живот на слепите и слабовидните ученици.

При реализација на програмата за ориентација и мобилност се поаѓа од развојните можности, способности и интереси на учениците со оштетен вид. Планирањето и реализацијата на содржините по предметот ориентација и мобилност треба да се во потполна согласност со индивидуализираниот пристап (уважување на индивидуалните карактерни особинн, претходното искуство и однесувањето на ученикот/ученичката со оштетен вид).

Треба да се напомене дека е потребно перманентно повторување на вежбите за правилно држење на телото и латерализација на просторот, како и на вежбите за доживување на телесната целосност и гестуалниот простор.

Навиките за ориентација и движење во просторот се зацврстуваат секојдневно. За да можат учениците со оштетен вид полесно да се ориентираат во просторијата, во неа треба да се наоѓаат само неопходни предмети и да не се менува нивноиот распоред. Ученикот/ученичката треба да го знае своето место во училишната клупа или на масата, местото во трпезаријата, својот кревет во спалната соба и др. Предметите и мебелот во училницата, во спалната соба, треба да бидат удобни, едноставни, без остри агли и испакнувања, а плакарчињата и шкафчињата треба да бидат обележени со одреден релјефен знак кој може да се распознае со тактилен допир. Слабовидните ученици ја користат бојата на мебелот за ориентација во просторот, затоа предметите можат да бидат обоени во две-три бои. Секој предмет треба да има ориентир, односно знак по кој лесно ќе се препознае. Исто така, добро е да се постават и дополнителни знаци на мебелот, плакарчињата и другите предмети кои ќе им помогнат на учениците со оштетен вид брзо да се запознаат со просторијата и активно да дејствуваат без страв од непријатни изненадувања и евентуални повреди.

Наставникот посебно внимание треба да обрне на учениците со неразвиени и ограничени движења, како и на оние со стереотипни моторни движења (манириизми, блиндизми, ротацизми и др.).

Кај учениците со оштетен вид на оваа возраст многу важно е да се предизвика интерес за движење и истражување на просторот бидејќи нивните навики за движење се непостојани. За да се зацврстат потребно е постојано да се поттикнува интересот за вежбите кои се работат.

Учениците треба постојано да се поттикнуваат на афирмативен начин, при што се вреднуваат поединечните постигања на секој ученик како негов личен успех. Секој ученик се поттикнува да постигне најмногу што може, а не да се следи однапред утврден стандард. Целта на наставата по ориентација и мобилност е да се обезбеди атмосфера на релаксација.

Наставните содржини треба да се реализираат и во соработка со родителите. Тие треба да бидат информирани за темите и содржините, да бидат известени дека треба да се придржуваат до советите за постојаното место на предметите во просториите, да ги применуваат правилата и во домашни услови и да ги поттикнуваат сопствените деца да ги применуваат постапките за самостојно и безбедно движење. За успешна реализација на наставата по ориентација и мобилност потребно е да се користат дидактички играчки, релјефни карти, цртежи, шеми, пластифицирани фолии, модели, макети и др. Овој предмет е во корелација со наставата по македонски јазик – почетно читање и пишување, наставата по природа и општество, музичко образование, ликовно образование и физичко и здравствено образование.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според поставените цели на наставната програма по ориентација и мобилност наставникот спроведува описно оценување (дијагностичко, формативно, микросумативно и сумативно).
За постигањата на учениците се води дневник за сите наведени компоненти од кои се извлекува оценката на ученикот. Оценката е бројчана, во неа се воведуваат елементите кои се поставени со целта на наставната програма по физичко и здравствено образование.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

За реализација на наставната програма по ориентација и мобилност во просторот потребна е училница, спортска сала, други простории во училиштето и отворени терени во непосредната околина. Нивниот број и големина се регулирани со Нормативот за наставен простор и наставни средства и помагала донесен од министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието-Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието-Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ориентација и мобилност за четврто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4432/38

на ден 19. 03 2011 год
Скопје

Министер,

м-р Панче Кралев